Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица (Службен гласник на општина Струмица бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19) и член 20 од Закон за младинско учество и младински политики (Службен весник на РСМ, бр. 10 од 16.01.2020), Градоначалникот на општина Струмица објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за изработка на локална Стратегија за млади на општина Струмица
со акциски план за период
2023-2027

## 1. Опис на јавниот повик

Со креирање на Локална стратегија за млади Општина Струмица има за цел:
- Поттикнување на младите активно да учествуваат во општеството низ афирмација и поддршка на младински активности, младинска работа и неформално образование во општина Струмица;
- Обезбедување услови за активно и квалитетно искористување на слободното време на младите;
- Поттикнување на младите активно да учествуваат во општеството низ афирмација и поддршка на младинските активности, проекти за млади, младинската работа и неформално образование;
- Поттикнување на сојузи, здруженија и други облици на здружување да учествуваат во креирање и спроведување на младинската политика во Струмица, вклучително во зајакнување на капацитетот на здруженијата за млади на подрачјето на општина Струмица;
- Поттикнување на младите за учество на спортско-рекреативни активности со акцент на негување здрави животни навики;
- Поттикнување на волонтерски активности кај младите, како и организирање на семинари, едукации и останати манифестации за млади;
- Поттикнување на активности од областа на културата и уметноста на младите во општина Струмица;
- Поддршка на активности и проекти за заштита на животната средина и просторното уредување во општина Струмица;
- Поттикнување на младите во креирање идеи од областа на информатичката технологија;
- Поттикнување на младите да ги развиваат своите претприемнички вештини;
   - Подобрување на социо-економската состојба на младите во општина Струмица.
   -

## 2. Право на учество

На јавниот повик имаат право да учествуваат здруженија на граѓани, кои се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации.

Апликантите треба да ги исполнуваат следните услови:

- Да бидат регистрирани во Регистарот на форми на младинско организирање при Агенцијата за млади и спорт;
- Да имаат спроведено најмалку три проекти и активности за млади на територијата на општина Струмица;
- Да работат во полето на млади и добро да ги познаваат младинските политики и проблеми на локално и национално ниво;
- Да се основани и активни најмалку 3 години пред отворањето на овој повик;
- Да има релевантно искуство во изработка на стратешки документи.

## 3. Услови што треба да ги исполни избраниот субјект

Избраниот субјект треба да ги реализира следните задачи:

- Да подготви и достави предлог стратегија со анализа на состојбите, дефинирани приоритети и стратешки цели;
- Да изготви критериуми и насоки за развој;
- Да изготви акциски план за активности, носители, време за реализирање и буџет;
- Да дефинира постапка (концепт и методологија) за подготовка на предлог-документ;
- Да раководи со сите активности за подготовка и изработка на Стратегијата;
- Да обезбеди активно вклучување на здруженија и фондации кои делуваат во општина Струмица;
- Да организира тематски средби со граѓански здруженија и други заинтересирани страни за дефинирање на младинската политика, стратешка рамка и приоритети;
- Да подготви нацрт Стратегија со акциски план за период од 5 години;
- Да организира тематски средби со граѓански здруженија, млади и други заинтересирани страни за нацрт Стратегија;
- Да подготви финален извешај за постапка и изработка на Стратегијата;

## 4. Начин на пријавување на јавниот повик

### 4.1. Потребна документација:

- Електронски пополнета пријава за изработка на локална стратегија за млади на општина Струмица со акциски план за период 2023-2027 година;
- Фотокопија од решението за регистрација на Апликантот и тековна состојба не постара од 6 месеци;
- Годишен наративен и финансиски извештај на апликантот за 2021 година;
- Портфолио на организацијата за спроведени активности во областа млади;
- Статут на организацијата;
- Програма за работа на организацијата;
- Потврда од банка за активна жиро сметка.

Оценувањето на пристигнатите пријави, ќе ја врши Комисијата формирана од Градоначалникот на општина Струмица, врз основа на следните критериуми:

| КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ | МАКСИМУМ БОДОВИ |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси** | **40** |
| 1.1. Капацитет на Апликантот во однос на човечки ресурси за спроведување на изработка на стратегијата (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица) | 10 |
| 1.2.Стручност и претходно искуство на лицата во изработка и имплементација на слични стратегии | 15 |
| 1.3. Искуство на Апликантот во спроведување на проекти од таков обем во соодветната област | 10 |
| 1.4. Технички капацитети неопходни за спроведување за изработка на стратегијата | 5 |
| **2. Квалитет на проектот** | **60** |
| 2.1. Усогласеност на предложените активности со целите на повикот стратегијата | 20 |
| 2.2. Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализирање на стратегијата | 25 |
| 2.3. Детално разработени активности | 10 |
| 2.4.Оправданост на трошоците на предложениот финансиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции и колку тие соодветствуваат со пазарните цени) | 5 |
| **Максимум вкупен број бодови** | **100** |

**Апликантот кој ќе освои најмногу бодови на Јавниот Повик ќе биде избран да ја изработи локалната стратегија за млади на општина Струмица со акциски план за период 2023-2027**.

Со избраниот субјект ќе се потпише Договор во кој ќе бидат прецизирани сите детали, како и крајниот рок за изработка на Стратегијата.

**Апликантот кој ќе биде избран за изработка на Стратегијата за млади на општина Струмица со акциски план за период 2023 – 2027, истата треба да ја изготви најдоцна до 01.12.2022 година.**

**Рок и начин на доставување на пријавите**

Јавниот повик се објавува на **31.08.2022** година и трае десет дена односно до **09.09.2022** година.
Пријавите со целокупната документација се доставуваат по пошта, на адреса: **Општина Струмица, ул. "Сандо Масев" бр 1, 2400 Струмица** или во архивата на општина Струмица (со назнака: Пријава за јавен повик за изработка на локална стратегија за млади на општина Струмица со акциски план за период 2023-2027).

**Крајниот рок за поднесување на пријавите е 09.09.2022** година до 15 часот.

Пријавите се доставуваат во затворен и запечатен коверт, без означување на субјектот што ја поднесува пријавата.

Подносителите на пријавите ќе бидат известени за резултатите во рок од 5 дена од изборот.

**Напомена: Пријавите без комплетна приложена документација или доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.**

Градоначалник
на општина Струмица
Костадин Костадинов

# ПРИЈАВА
# ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОД 2023-2027 ГОДИНА

| **Предлагач на програма - корисник на средства:** | |
|---|---|
| **правен статус на организацијата** | |
| **адреса** | |
| **телефон,факс** | |
| **е-маил адреса** | |
| **број на жиро сметка** | |
| **единствен даночен број** | |
| **депонент во** | |

| **Организациска структура на апликантот:** |
|---|
| |

| **Одговорно/овластено лице** (име и презиме, телефон, е-маил адреса) |
|---|
| **Лице за контакт** (име и презиме, телефон, е-маил адреса) |

**** Пријавните листови да се достават во затворен и запечатен коверт без означување на субјектот кој ја поднесува Пријавата.***
***На ковертот на надворешната предна десна страна да биде напишано:***
„За јавен повик за изработка на локална стратегија за млади на општина Струмица со акциски план за период 2023-2027“

# 1. ОПИС НА СТРАТЕГИЈАТА

# 2. АКЦИСКИ ПЛАН И АКТИВНОСТИ ЗА ПОДГОТОВКИ И ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА

# 3.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА СТРАТЕГИЈАТА

# 4. ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА

| | |
|---|---|
| **СТРАТЕГИЈА СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА МЛАДИ И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2027 ГОДИНА:** | |
| **ВКУПЕН ИЗНОС НА ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА (ВО ДЕНАРИ)** | |
| **ВКУПНО** | |
| **ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ** (расчленето по ставки за материјални трошоци и програмски активности) | ВКУПНО |
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |
| 5. | |
| 6. | |
| 7. | |
| 8. | |
| 9. | |
| 10. | |
| 11. | |
| 12. | |
| 13. | |
| 14. | |
| 15. | |
| 16. | |
| **ВКУПНО** | |

## 5. РЕФЕРЕНЦИ НА АПЛИКАНТОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА

*(задолжително да се образложи спремноста за изготвување н во однос на стручноста, кадровската и техничката опременост, претходно изготвени и реализирани стратегии,проекти/програми/програмски активности)*

**4.1. ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СЕ НАВЕДАТ БАРАНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА:**

- *бројот на претходно изработени стратегии, проекти, програми:*

- *број на одржани тематски средби со граѓански здруженија и други заинтересирани страни за дефинирање на младинската политика;*

**5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОЖЕНАТА СТРАТЕГИЈА КАКО ЈАВНА ПОТРЕБА ЗА МЛАДИТЕ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

- *зошто предложената стратегија го одразува јавниот интерес на општина Струмица за младите?*

- *кои се очекуваните ефекти и резултати?*

**Напомена:**

***<u>Пријавата/апликацијата задолжително треба да биде пополнета во сите точки, во спротивно истата може да биде отфрлена.</u>***

Струмица, _________20_ година

Потпис на
одговорно/овластено лице
и
печат